

# Анкета на БИПС: ВМРО-ДПМНЕ ќе победи на изборите и ќе освои 54 пратеници

Победа на ВМРО-ДПМНЕ со освоени 54 пратеници предвидуваат резултатите од спроведената анкета на Институтот БИПС (за истражување во областа на безбедноста и демократизацијата на човековите права и слободи).

На анкетата спроведена во период од 29 јуни до 3 јули, 24,3 проценти од граѓаните одговориле дека ќе гласаат за ВМРО-ДПМНЕ на претстојните избори. За СДСМ и БЕСА гласот би го дале 20,4 отсто од анкетираните граѓани.

Во албанскиот политички блок, за ДУИ би гласале 4,2 проценти, додека за Алијанса за Албанците 3,1 отсто од анкетираните граѓани.

**1. За која партија би гласале, на изборите што ќе се одржат на 15 јули?**

| | |
|---|---|
| СДСМ и Коалицијата + БЕСА | 20.4% |
| Левица | 0,8% |
| ВМРО-ДПМНЕ | 24.3% |
| ДУИ | 4.2 % |
| Алијанса за албанците | 3.1 % |
| ДПА | 0.4% |
| Останати | 2.9 |
| Не сака да каже | 20% |
| Нема да излеза да гласам | 23.9% |

Од Институтот добиените резултатите ги претвориле во пратенички мандати во законодавниот дом, па според тоа ВМРО-ДПМНЕ ќе има 54 пратеници, а СДСМ 47.

Анкетата била спроведена телефонски врз 1.323 испитаници при што е водено сметка за демографската структура и етничката припадност.

https://lider.com.mk/makedonija/anketa-na-bips-vmro-dpmne-kje-pobedi-na-izborite-i-kje-osvoi-54-pratenici/